**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Единаесеттото продолжение на Деведесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 февруари 2008 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собраниеот на Република Македонија, со почеток во 11,26 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници, поради протоколарни обврски на преставникот на Министерството за образование и наука, седницата ќе започне во 12,00 часот.

(Седницата продолжи во 12,00 часот)

Ги повикувам пратениците кои се во Собранието, а сеуште не влегле во салата, да влезат во салата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои се во Собранието, а не влегле во салата, да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 98-та седница на Собрнието на Република Македонија.

Пратениците: Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски, Владанка Авировиќ, Лазар Китановски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Неждет Мустафа, Славица Гркоска, Никла Рилковски, Владо Бучковски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Агим Рамадани, Али Ахмети, Благородна Цветковска, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Тито Петковски, Гоце Марковски, Анита Кипаризова Крстевска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 53 став 8, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Има збор господинот Јован Лазаров, ззаменик министер за образование и наука, повелете.

**Јован Лазаров:** Го молам Парламентот да го прими моето лично извинување и на Министерството за образование и наука за ова доцнење кое настана поради поднесувањето на Годишен извештај пред Организацијата на Обединетите нации УНИЦЕФ, а поради здравствени причини министерот не е во состојба да присуствува и тука и таму. Така што настана преклопување на овие обврски. И уште еднаш примете го моето извинување.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине заменик министер.

Има збор госпоѓа Илинка Митрева.

**Илинка Митрева:** Јас би сакала да го уважам ова објаснување од страна на заменикот министер. Тука има од една страна виша сила, од друга страна има други обврски, меѓутоа, тоа никако не ги апсолвира од фактот што господине претседателе вам требале да ви го јават тоа, значи требале да ви го јават пред почетокот на седницата во 11,00 часот, за да не чекаме еден час и осум минути за почетокот на оваа значајна седница која што третира исто толку значаен закон. Јас ќе бев многу посреќна ако министерот за образование во оставка, или не, неговиот потпис стои на овој Предлог закон, ја имаше доблеста да ги прифати суштинските амандмани кои што доаѓаат од опозицијата и со тоа да се стави крај на една дискусија која што во суштина треба да се прифати како интенција на опозицијата да го врати Законот во онаа димензија која што му е примерена, а тоа е да биде експерткси, а не политички закон. Значи, целта на амандманите на опозицијата беше текстот да се врати во неговата изворна форма, да претставува основа за реформа на високото образование, бидејќи овој закон како што видовме го носи знаменцето на Европската унија. Меѓутоа, тоа за жал не се случи. Јас за разлика од некои мои колеги кои што дискутираа вчера, немам простор во кој што ќе најдам оправдување за министерот за образование за овој вид на Предлог на закон што стои пред нас, бидејќи како што реков тој стои зад овој закон. Значи, не можеме да го оправдаме, или растеретиме практично од одговорноста што на ова Собрание и на македонската јавност нуди еден закон кој што од реформи нема ни р. Впрочем, тоа е практика, ако сакате, или багаж што го носи оваа Влада да нема ниту една успешна реформа, ниту во судството, ниту во здравството, еве сега гледаме и во образованието.

Сега малку околу амандманите, или поточно околу духот на овој амандман која што цел е да ја зачува нападнатата и загрозената автономија на Универзитетот. Би сакала мојата интервенција да се сфати како интервенција на долгогодишен професор на Универзитетот Св. Кирил и Методиј кој што од блиску, од прва рака непосредно знае што значи една демократска, слободна и автономна универзитетска средина, кој што ја имал честа, привилегијата и сериозната задача да работи на создавањето на интелектуален кадар во Република Македонија. Интенцијата на овој закон кој што апсолутно е политички, бидејќи се одбиваат подобрувањата на законот кои што ќе му ја вратат експертската димензија, да повторам уште еднаш, се должи на неколку моменти кои што сакам овде да ги елаборирам: политички, идеолошки, ако сакате психолошки. Нешто витално е чепнато со овој закон и тоа не само со членот 53 каде што се детерминира можноста за избор на ректор не од редовите на универзитетските средини, туку чепнато е во самостојноста на финансирањето, чепнато е во режимот на студирање, чепнато е, ако сакате и во можноста професори и понатаму да продолжуваат својот труд и знаење да му го нудат на универзитетот. Со други зборови, интенцијата на овој закон, дикцијата на овој закон укажува на следново. Прво, дека е одраз на една неограничена желба за централизирано и авторитарно владеење. Инаку, никој па дури и

автократските режими не се осмелуваат да направат упад во нешто што по дефиниција мора да биде ослободено од идеологија. Значи, тој централизиран и авторитарен манир на владеење се отчитува и во овој закон идеолошки. Значи од ракурсот на разгледувањето на овој закон и неговата содржина гледаме дека цинично звучи кампањата на Владата: знаењето е моќ. Всушност овој закон отвора врата за тн., орменизација на високото образование, бидејќи целта е незнаењето да стане моќ. Целта е да се намали бројот на студентите кои што студираат на еден реномиран и квалитетен универзитет и да се дисперзираат во помалку квалитетни приватни универзитети. И се разбира, третиот момент кој што би го нарекла психолошки, некој вчера оперираше со пирамида од фрустрации се должи на една лична потреба на некои членови на Владата да направат една интифада, една крстоносна војна со универзитетот како лоши, осредни, никакви студенти го растураат инелтктуалното јадро кое што ги генерира подготвените генерации на млади луѓе што треба да ја водат европска Македонија. Значи, не можам да прифатам, да му дадам пас на еден закон кој што меѓу другото ја отсликува и оваа психолошка варијанта на чинителите во Владата. Бидејќи вчера ветив дека ќе зборувам кратко, навистина кратко ќе зборувам, иако министерот не е тука.

Предлагам министерот за образование, неговиот заменик овде сериозно уште еднаш да ги разгледаат амандманите предложени од опозицијата, да го повлечат законот од парламентарна процедура, да обезбедат координација, консултација со луѓето кои што експертски се поставуваат спрема овој закон, пратениците на опозицијата пред се и заедно да ја тргнеме оваа, дозволете ми да кажам, навистина срамна димензија на идеологизација на еден закон кој што по својата суштина треба да биде ослободен од политички и идеолошки наноси. За психолошките, се разбира нема да зборувам. Затоа, ве молам, уште еднаш да размислите околу овој предлог. Прекинете ја процедурата, направете консултации, да излеземе заедно овде со еден закон кој што навистина ќе даде основа за еден европски реформиран универзитет кој што ќе создава кадри онакви какви што и се потребни на Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Дали има реплики? (нема)

Има збор господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, господин заменик министер, овој амандман на некој начин постана метафора на главниот орден што го име во законот, а тоа е значи линијата меѓу политиката и автономноста на универзитетот како две компоненти кои што секој предлог, или секој пристап за измени на закон, или за уредување на оваа материја треба да се име во предвид. И непосредно мислам дека се троши време, на некој начин не наоѓаме разбирање за да објективно ги разгледуваме работите и навистина да го решиме овој проблем на најдобар начин врз основа на принципите на кои што оваа материја, како што реков, треба да се уредува. Значи, не сме против законот, тоа го рековме и на почетокот кога беше предложен, дури го очекувавме и уште порано, но и така задоцнет е добредојден и треба да профункционира што побрзо, затоа што со некои елементи веќе законот е на некој начин надминат во самите високо образовни институции, зошто Болоњскиот процес тие го реализираат и без закон, или без обврски од Законот, затоа што и тие потпишале свои документи за обврски спрема Болоњската декларација. Некои треба да се формулираат на законски начин за да таму каде што нема волја тоа да се направи и на некои други елементи законот исполнува некои обврски кои што навистина се многу потреби за високо образовниот систем во Република Македонија. И како таков ние принципиелно и конкретно го поддржуваме, но во меѓувреме укажуваме за потребата на зачувување на оваа линија која што реков има своја политичка димензија каде што Владата со одреден концепт може да наметне вакви и такви решенија за кои што јас ќе кажам и во врска со овој амандман. А, има некои елементи за кои што мора да водиме грижа сите заедно, тоа значи елементите кои што ја сочинуваат автономијата на универзитетот и академската слобода каде што важат, сакале ние, или не, некои други принципи кои што не се ни наши, ни ваши, во смисла на, како сакате разберете ги значи како позиција или опозиција, или како тие што го поддржуваат или не, туку се нешто кои што обврзни сме сите сами да ги почитуваме кои што се универзални категории. Од таа гледна точка законот значи и посебно овој амандман кој што е како што реков, бидејќи јас ќе зборувам и за тие два, три, кои што веќе се во тек, затоа што ова е прв пат да зборувам за амандманот, овој амандман, кој што го покажува мојот став и за сите други кои што се поврзани со истата материја, мислам дека вреди Владата врз база на таа дискусија што е тука и врз база на тоа што во првата фаза беше искажана како јавна дебата да размислува да седнеме и да изнаоѓаме решение кое што би било навистина во духот на тоа што го реков претходно и прифатливо и нештетно за самиот закон и на намерата на една политика која што сака да направи одредени измени во овој дел. Дури би биле сигурен сум и добродојдени. Од таа гледна точка како што реков, овој амандман засега е еден од најбитните елементи на автономијата на универзитетот. Значи, начин на избор и услови на ректор кој што заедно со сенатот, одборот за акредитација и одборот за евалуација се 4-те структури кои што во себе содржат елементи на автономија на универзитетот. И не само тоа, туку и на академската слобода. Затоа што автономија на универзитетот е нешто кое и припаѓа на институцијата, а академската слобода е нешто што му припаѓа преку институцијата на

индивидуите кои што се чинители на самата академска средина, така да кажам. Со овие четири елементи Владата со предлогот што го предлага баш тука засегнува некои елементартни елементи, работи, кои што мислам дека нема право. И тоа, како прво, значи, сака сенатот да го избира ректорот што може да биде еден модел. Министерот претходно зборуваше дека сме имале таков модел. Да, тоа е еден модел, но не е единствен. Но, во тој случај, ако сенатот го избира ректорот, не може тој да го води сенатот. Тој би можел да го води сенатот, ако го избира во слободни избори целиот унвиерзитет. Значи, има поголем авторитет и може во таа смисла да го води и сенатот ако е избран на директни избори. Тоа би било, нагаѓаме сега, ние го избираме претседателот на Владата и да дојде тука и тој да седне на местото на господинот Љубиша Георгиевски. Значи, не може телото кое што го избрало, тој и да го води. А, кога би било решение да го изберат сите чинители на академската заедница, значи директни избори, можеби јас би прифатил решение што тој би можел да го води и сенатот, затоа што тој не го избира веќе.

Второ, во Одборот за акредитација господине заменик, јас прифаќам можност Владата да има повеќе влијание и во овие тела. Влијание, но не одлучувачко. И тоа што вие сте го постигнале со фактот што членовите на Одборот за акредитација и евалуација, значи, сега Владата предлага повеќе членови од страна на Владата, што е еден начин на влијание и апсолутно не е добро да не и се даде доверба на таа структура сами да го изберат тој што ќе ги води. Значи, и зголемување на бројот на членовите на тие Владата што ги предлага, што е еден начин на поголемо влијание, а од друга страна имате сега Владата да предлага и претседател. Истото се случува и за Одборот за акредитација и евалуација. Јас прифаќам министерот да има право за да евалуира некој Универзитет да има право да поканува и странска акредатициона или евелуациона агенција, како инструмент за доверба со странските институции, за да воспоставиме односи за признавање на дипломи. Тоа би било порадикално, но подобро решение. Наместо да именува свој член, да ја води евалуацијата каде што има поголем број на свои предложени членови, така да решението во еволуацијата треба да биде апсолутно, порибеларно, мора да биде базирано врз автономијата, а на министерот и Владата да им се даде можност да ангажираат странска меѓународна акредатициона, или друга агенција која се занимава со квалитет и мимо тоа што го имаме тоа како внатрешно да може. Тоа е Лондонската декларација, како дополнување на Болоњската декларација. Значи, во функција на кредибилитет и на доверба меѓу институциите како основа на признавање на дипломите, мора во сите земји да се овозможи меѓународните акредитациони структури да ја прават евалуацијата. Тоа вие не сте го знаеле. Вие ја давате екипата на евалуација да може да се вклучи странски стручњак. Може еден или два. Тоа не е доволно. Подобро е да се даде на Владата да побара странска евалуциона куќа тоа да го прави. И тоа мислам дека е најдобро решение.

Во однос на влијанието што го имате поврзано со овој амандман. Со овој амандман господин заменик министер, господа пратеници, се прави нешто што апсолутно нема потреба. Јас ќе образложам сега зошто тоа е непотребно. Не само што е спротивно на логиката на основање, туку е и непотребно.

Во третиот став ректорот е раководен орган. Во ред. Ректорот го претставува и застапува Универзитетот. Во ред. Третиот став, мислам дека сите имате разбирање и потреба да се слушаме. Ректорот се избира од редовите на професори и од научните советници за време од 4 години, со право уште на еден избор. Ректорот се избира на начин и под условите утврдени со статутот на Универзитетот. Ниту кажува дека треба да биде од Универзитетот, ниту кажува дека не треба да биде од Универзитетот. Значи, тоа е дадено слободно. Никој не брани да се кандидира за ректор. Од таа гледна точка, зошто, апсолутно прашувам зошто ректорот не мора да биде од редот на вработените. Зошто е овде негативен пристап, негативна конотација. Овде не се десетте божји заповеди, не смееш ова, не смееш она. Законот така и номотехнички не се гради. Вие тоа го знаете подобро. Значи, не може во законот да се пристапи со не може, туку се кажува што може. И од таа гледна точка, овој став јас го подржувам амандманот кој што е предложен и во чија функција излегов да го образложам, но посреќен би бил овој став воопшто да не биде. Да не пишува дека ниту мора, ниту не мора, затоа што во третиот став е јасно. Сум за тоа да се овозможи конкуренција да биде член од многу високи инстанци, да кажеме од Скопје, нека биде во Тетовскиот, од Битолскиот нека биде во Тетовскиот, нека се вртат знаењата, нека се вртат луѓето врз база на критериуми кои се веќе воспоставени. Но со негативен контекст не може вака или не мора вака, мислам дека од сите аспекти е неприфатливо. Од таа гледна точка го подржувам амандманот, но посреќен би бил кога Владата би го избришала целиот овој дел, затоа што е непотребен, апсолутно непотребен и е во спротивност со техниката на која што се пишува законот и за кој што мислам дека правниците тоа подобро го знаат од мене.

Од оваа работа што се сака? Значи, Владата сака поголемо внимание, всушност, поголема одговорност за процесите во високото образование, што е легитимна работа, затоа што ако имаш веќе одговорност, мора да имаш инструменти преку кои ќе можеш да тераш таква одговорност, или да спроведуваш некаква одговорност. Но, допуштете господа пратеници да кажам дека не е овој правиот начин. И ова го докажува тоа што некои пратеници, предлагачи на амандманот велат дека во законот има

елементи на упад. Што значи упад? Дека е направен еден тек на законот, па некој рекол тука направи го така, тука направи го на овој начин и министерот го ставил тоа, не водејќи грижа за целиот концепт, за целиот систем. Друг министер вели додај ова и тој го додал тука, но не се води грижа за таканаречениот принцип за создавање право чекен баланс. Значи тука кога сме кај ректорот да го води Сенатот, нема чекен баланс. Не може телото што го избрало тој да го води. Требаше веднаш тие што го предлагаат овој амандман да овозможат таму ректорот да се бира на општи избори. И тоа би било едно решение. Но, ако одите на овој начин, немате право тоа да го правите.

Втора работа кај акредитацијата и евалуацијата ќе повторам во однос на влијанието на Владата. Има начин, легитивно е право. Каде е правото? Каде е можноста? Можноста е во Советот. Советот на Универзитетот господине Љубиша Георгиевски, затоа што мислев дека ова е најсуштествено. Ако се сака Владата како основач, исто така и приватните лица како основачи да имаат влијание во Универзитетот, затоа што тие тука го бараат како приватни, тоа можат единствено да го прават како Советот или Бордот, како сакате нарекувајте го. Мора да имаат и јавниот и приватниот универзитет исти ингеренции. Високото образование произведува иста вредност, иста диплома. Не може приватниот да биде, бога ми јас сакам повеќе некои ингеренции во Советот, затоа што е тоа одраз на автономијата на желбите на основачот. Мора и Владата и привааниот основач, мора тоа да го реализираат преку Советот. Што бидува тука господине заменик министер, дека ингеренциите на Советот се нејасни. Се избегнало од потребата за зајакнување на улогата на државата, или на било кој основач од приватен во Советот, тоа е побледо и понеконзистентно и наместо таму да зајакне улогата на основачот, вклучително и Владата, па и Парламентот, зашто основач е Парламентот на универзитетите, таму вие одите со решение дека поголемиот број треба да го има универзитетот и само еден претставник од јавниот сектор, од бизнисот, што не е добро. Тие мораат да реагираат законски кога се прекршува законот, кога финансиски не се третира како што треба и кога една институција не ги исполнува условите во однос на квалитетот за овој работодавач или кога реагираат или пазарот на трудот кога реагира итн.

Значи, улогата на Владата, на основачот, на Парламентот, на сите основачи мора да се изрази во Советот. Без разлика што некои истанци дури и универзитетите тоа го велат како упад на автономијата. Не е точно. Ако приватниот универзитет има Борд за тоа што ги дава парите и Државниот универзитет мора да има Борд од истата причина, затоа што го финансира. Но не смее во Бордот да се занимава со работи кои се предмет на автономијата. И тука е јасно. Овде е отидено во друга насока. Советот или Бордот е оставен слаб, без јасни ингеренции, а од друга страна се засега по некои елементи што се јасна автономија. Така да, од таа гледна точка така да се билансира и да се воспостави тој чекен баланс систем. Поради тоа мислам дека во законот има упади кои што некој ги ставил без да ги смета сите елементи на баланс на системот кој што утре ќе ви причинува проблем. Дури и интегралниот универзитет не е тука добро дефиниран. Сте оставиле на Сенатот или на институциите тие да ги одредат нивните услови. Тие таму се знае како ќе поминат и поради нејаснотиите во тој сегмент може да биде причина за неимплементација или за конфузија, да не кажам хаос. Зашто, не очекувам хаос од таа страна.

Од таа гледна точка мислам дека има и други политички аспекти, кои што имате право како мнозинство да ги подржите, а што е тоа. Јас не се согласувам само универзитет и висока стручна школа да бидат институции. Би било добро и факултет да биде. Но, тоа е прашање на политика. Јас мислам дека грешите со ова и треба да се поправи. Дали ќе успееме во текот на дебатата не знам, а ви е грешка поради причините што ги реков претходно.

Второ, имате Комисија за докторати господине заменик министре. Ретко во земји Комисијата за докторати е составена од доктори и професори само од таа институција каде се докторира. Мора да оставите простор двајца барем да бидат од друг универзитет. Тоа е во функција на воспоставување на доверба меѓу институциите. За утре да не каже никој дека ти можеш да докторираш џабе, па да се напаѓаат универзитетите меѓу себе, ти си јак, јас сум слаб итн. Докторатот, не смее да се брани само од претставници од тој универзитет. Мора тројца да бидат од тој универзитет, а двајца да бидат надвор од тој универзитет. Така се воспоставува систем на доверба меѓу институциите и после ќе почне мобилноста на студенти, на професори итн. Вашето решение не е коензистентно во таа насока. И имам забелешки, ова е политичка исто така за матурата. Матурата не е поставена да биде во функција на целите на оваа Влада. Не може да се запише на факултет и со матура и без матура. Може во преодниот период, една година, две, три , четири, да оставиме, но после тоа може во преодните одредби, но мора да се каже ако сакаме да имаме сериозност во спроведување на матура и стандардизирање на влез на високото образование, без разлика дали е приватно или државно, мора да се влезе со матура. Тоа мора државата да го направи. Да бидеме јасни господа пратеници, државата не може многу во високото образование да прави пради автономијата и поради свеста што таму треба да преовладува поради оваа работа. Но може една работа: да воспостави стандардизиран начин за влез во високото образование преку матура и да направи што е евалуација листа на институции према квалитетот. И родителот да знае ќе го носи во појака, во послаба, во поскапа, во поефтина, но

секоја си има свои добри и свои лоши страни. Тоа го нема тука. Верувам дека е тоа ваша политика. Јас не сум задоволен со такво решение. Би сакал да има елементи на појасни политики према спроведување на матурата, но велам, тоа треба да се смени ако сакате да спроведете и на другите да им кажете дека матурата сепак е неизбежна работа.

Затоа, имајќи предвид овој дел што се однесува на академското образование, начинот на кој се избира и како се избира ректор, вклучително и овој амандман. Кој го назначува претседателот на акредитацијата. Мислам дека не треба Владата. Треба сами тие. Вие сте го постигнале влијанието со фактот што имате повеќе членови да се избираат самите себе си, Одборот за акредитација и дури би прифатил ингеренциите на Советот да бидат појаки и појасни и поефективни во однос на улогата на основачот.

Со овие две три работи, не влегувам во ова што е политика, сакате во факултетот да воведете комисија за докторат или матура, тоа е како што реков политика, но овие што се предмет на автономија, јас предлагам господин претседател на Собранието во функција на надминување на оваа состојба која очигледно никому не му одговара да заседава Комисијата за образование да се договори за овие две три работи, кои што не се ни четири јас верувам, кои што навистина, стојат на патот на нашиот глас да дадеме подршка на законот, а тоа воопшто не го наштетила ниту политиката, ниту самите институции и со така усогласен став кои што амандмани би ги предложила Владата, ние да го надминеме овој проблем. А тие велат барам хармонизација на членовите кои што се дел само од аспект на автономноста на универзитетот. Ова друго што е политика или техничка работа не е проблем да се решава. Значи, ректорот, начин на избор и водење на Сенатот, Одбор за акредитација, Одбор за евалуација и зајакнување би рекол јас. Јас како опозиција верувајте дека преземам голем ризик кога зборувам за зајакнување на ингеренциите на Советот на Универзитетот, зашто тоа на некој начин се толкува како начин за преземање на ингеренции на автономија, што не е точно. Советот не треба да се меша во тоа што е автономност. Но Советот ги има сите права, како кај јавниот и како кај државниот да води грижа за некои аспекти кои што не се во доменот на автономијата и на академската слобода. И во тоа јас ќе ве подржам, за да се надокнадат овие слабости кои што треба да се повлечат од евалуацијата и акредитацијата и од водењето на ректорот на Сенатот и овој член да не мора да биде. Членот 3 е доволен да ги објасни состојбите. Овој член сосема да се избрише и како таков како амандмани на Владата за овие три, четири работи да се достават тука и ние да го надминеме овој проблем, кој што како што реков, никој не е заинтересиран и треба високото образование да го добие овој закон за високо образование, но не на штета на автономијата на универзитетот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине Положани.

Господинот заменик министер за образование има збор, повелете.

**Јован Лазарев:** Јас му благодарам на господинот Положани за неговата дискусија. Тој ја кажа суштината, иако на крај кажа дека не се согласува, меѓутоа, ја кажа суштината дека и досега не беше забрането ректорот да биде од друга институција и во првото решение исто така не беше забрането ректорот да биде од друга институција.

Ние во Република Македонија имавме еден многу позитивен пример на ова поле. Ќе ги потсетам тука професорите, професор Габер од Скопскиот универзитет беше ректор на Битолскиот универзитет и тоа многу успешен ректор. Значи, со ништо не се поремети автономијата на Битолскиот универзитет што професор Габер од Скопскиот универзитет беше ректор на Битолскиот универзитет. За другите негови дискусии не би полимизирал. Само околу докторатот, исто така, сега не е забрането да биде член на Комисија еден или двајца од други универзитети, па и од други држави и тоа се практикува. Јас досега сум бил три, четири пати член на Комсија на други факултети кај најглавни универзитети, меѓутоа, и на мојата катедра, секаде каде јас сум бил ментор, кога се бранела дисертација секогаш имало член на Комисија од странство. Не од друг Универзитет од Република Македонија и тоа исто така можело, меѓутоа, од странство. Тие членови на Комисија кои што биле членови на таа Комисија за одбрана на докторска дисертација и понатаму биле врската за заедничка соработка, за заеднички проекти, меѓудржавни проекти кои и ден денска функционираат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има господин Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Она што вчера јас го дискутирав и она што го дискутираше сега господинот Азис Положани и ова што сега го кажа министерот, можеме да заклучиме дека изборот на ректор од друг универзитет и до сега постоело како можност.

Она што ние го бараме со овој амандман сите, што и вие се согласувате, како што можам да видам е, дека тоа право не е едноставно укинато. Напротив, треба да се задржиме на правото, или на суштината на автономијата, а тоа е Статутот на Универзитетот да го дефинира ова право на избор, каде што претпоставувам дека самиот универзитет нема да влезе во ваква полемика, како што ние овде влеговме и во политизација, затоа што е сепак, поакадемска средина, од ова што е Собранието.

Значи, суштината на автономијата изразена преку овие 4 точки, посебно изразена овде конкретно за ректорот, ако ние го оставиме како решавање на уредување со статутот на универзитетот, воопшто нема потреба да

нагласуваме дали тоа може да биде или не биде од редот на вработените на Универзитетот. Мислам дека ја сфаќате поентата и ве повикувам како Министерство, едноставно овој член да го повлечете и на тој начин да ја разрешиме оваа состојба.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега, повелете вие со вашата реплика господине Гариб.

**Гариб Каба:** Ви благодарам господине претседателе.

Внимателно го сослушав господинот Положани,

Мислам дека во текот на дискусиите ...

**Љубиша Георгиевски:** Да, јас прозивав за реплика на господин Положани и тогаш не се јавивте.

**Гариб Каба:** Јас реплицирав на господинот Положани и вие за тоа ми дадовте право.

**Љубиша Георгиевски:** Не, на министерот прозивав јас.

**Гариб Каба:** Не, јас ако може на него да му реплицирам.

**Љубиша Георгиевски:** Ништо, тогаш не сме се разбрале. Јас барав реплики и реков за министерот.

Добро, благодарам господин Макрадули, во право сте, во ред е тоа.

Сега, со репликите завршивме.

Господин Тале Герамитчиоски, имате збор, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Како предлагач на амандманот ќе се обидам да ги поедноставам работите, да се свати колку е важно ова, да бидете пострпливи, бидејќи ова е клучен амандман за иднината на работењето на Универзитетот.

Прво, почитуван заменик министер, професорот Габер беше вработен на Правниот факултет во Битола кој што беше составен дел на Универзитетот “Кирил и Методиј”, а Универзитетот “Климент Охридски” беше во основање. Тој беше прв ректор кој што беше во матичната институција која што стана основа на формриање на СВ. Климент Охридски. Така што, тој не е ректор од надвор дојден, од друга иснтитуција. Тие беа како матични професори, бидејки тој беше универзитетскиот кадар, се знае и за таа тема сакам да зборувам. Вие сте универзитетски професор кој што ги поминал сите скалила до редовен професор. Знаете какви критериуми постоеја. Знаете ли сега, јавна тајна е во сферата на високото образование, во научната дејност постои хаос, нарушување на квалитетот и критериумите. Денес лесно преку ноќ се стигнува до титула редовен професор. Можам да ви набројам десетина примери во кој што сум се вчудоневидел како во 5 години, вработени на сосема друга дејност и струка, станале редовни професори и се најчество на приватните универзитети. Со овој предлог вие давате можност некој со политички притисок од страна на Владата лесно да дојде на чело на Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” кој што е сега таргетот на Владата. Неговата реформа преструктуирање да тргне во сосема друг правец. Со овие надлежности кој што ги добива ректорот. Бидете внимателни и размислувајте што може претпоставено да се случи. Не мора да се случи, но со самиот факт што се вметна оваа реченица, а и самите потврдивте дека досегашниот Закон дозволуваше можност надворешни редовни професори кои не се вработени таму, ако Сенатот ги избере да бидат ректори. Сега преку ноќ се вметна оваа реченица. Знаете ли дека има задни намери, има и тоа како има. Сите параметри и информации доведуваат до тој заклучок. Се крои иднината на “Св. Кирил и Методиј”. Кој ќе ја понесе одговорноста за тоа, треба сите да се замислиме. Зошто ректорот сега мора да биде вработен на Универзитетот, бидејки природен раст и развој на индивидуата мора да има во матичната институција, да ја познава во корен таа матична институција, да ги познава проблемите, да има визија за развој, да има решение за отстранување на тие проблеми, да има храброст и доблест да прави компромиси помеѓу разните интереси на високо образовните иснтитуции кои што се единици сега на Универзитетот.

Главниот проблем проблем бил, ќе биде и ќе остане статусот на “Кирил и Методиј”. Таму, бидејки е институција со најголемо реноме, со најголема концентрација на квалитет, со висок степен на традиција, на можности за развој и т.н. тука ќе биде проблемот како да се имплементира законот. Тука може да се читаат вака или онака предлозите на овој закон. Ова решение е поригидно од тоа што го предложивте. Се сложувам, ам амора контра одговор на она за кое што се има намера да се врши. Јас можам да ви дадам пример како политички се станало ректор и како тој политички поставен ректор извршил еден сет на перманентни кршења на Законот за високо образование. Не одговарал за тоа никако, а направил толкав хаос на Универзитетот, во кој што ги нарушил вредносните принципи. Јас ќе зборувам и за други амандмани во кои што предлагам еднаш да се престане со прескокнување на звања. Или се користи едно либерално решение во законот двеипол години во звањето и веднаш прескокнал, а објавил трудови во Службен весник или некој часопис Сувремени возач, срамота. Јас го почитувам она што го кажаа и други професори во одбрана на предлогот на законот, демек редовен професор ќе биде. Знаете ли кои се станаа редовни професори, срам ми е и да ги изговорам. Само нека го извадат опусот, сите ние да го извадиме опусот на нашата научна истражувачка активност во претходниот период и јавно, па да се осмелуваме да зборуваме за квалитет на високо образование или не знам што. Тие луѓе со сплет на околности, можеби имаа амбиција да стане претседател на државата, ама ајде нема да биде претседател на државата, ќе му ставиме утешна

98-11/6.-

награда да биде ректор. Уште пострашно. Немојте да се шегувате со овие ат хок излезени решенија на Влада, на кој што некој бил фрустриран на некој претходни дејствија и ајде ќе ставам предлог, па нека си стои тоа така. Овде не е прашање на тоа што го кажавте, професори со реноме од странство да бидат претседатели на комисии за одбрана на авторски, магистерски и то ане е исто. Тој професор само дава тежина на докторскиот труд или на докторската дисертација или магистерската теза, ама овде тој човек кој ќе биде донесен тој ќе ја крои иднината на четиригодишниот развој на Универзитетот или можеби осум години. Така ја дава можноста законот. Сега, тој со зголемени надлежности и уште да управува со Сенатот и уште да си подготвува финансиски извештај за работењето годишен и извештај за работењето за остварување на развојниот план сам на себе на универзитетскиот Сенат, што ќе се изроди од тоа, што ќе добиеме со тоа.

Ќе бидам можеби премногу отворен со ризик да бидам погрешно сфатен од јавноста, не од тука, овде не ни слушаат, Универзитетот “Свети Кирил и Методиј” е последниот бастион, последната брана во Република Македонија која што го брани квалитетот. Сега ако му го одземеме и тоа, ова ќе стане поле на лиферување на дипломи и трка само по профит која што долгорочно ќе се одрази трагично по иднината на Република Македонија. Ова го имаа согледано на министерските конференции. Тие имаат кажано дека на балканскиот простор под итно треба да се оформи регионална агенција за евалуација. Вие добро знаете зошто е тоа така. Во самото Министерство има досиеја кои што под притисок на судот или судски одлуки се признавани дипломи, а Комисијата ги има одбивано, ниту пак високообразовните институции имаат дадено зелено светло за тоа. Тие дипломи наеднаш преку ноќ се преточија во универзитетски професори кои се вработени во Штипскиот Универзитет. Максимална политизација. Идните генерации ќе не осудат и јас знам дека ова нема да вроди со плод што го зборувам. Знам дека ќе се изгласа законот онака како што сте наумиле, ама совеста да ми биде чиста за во иднина дека барем сум се обидел да ви објаснам што значи ова. Политиката мора да има некоја граница. Ако таа граница се пробие, дали е од СДСМ, дали од ВМРО-ДПМНЕ илиод било кого, ќе биде погубна. Немојте да си играте да политизирате во високото образование, а тоа веќе на големо се случува. Значи, ајде да бидам попрагматичен, д ане бидам бомбастичен дека еве нешто плашам деца. Прво, на големо е отворена трката за профит. Приватните институции во Република Македонија кои што имаат добиено акредитација се во трка по студенти. Корупусот на студенти е тој. Сега слушам на Штипскиот Универзитетот уште 5 нови факултети се спремаат, а бројот на студентите би сакал и ќе покренеме анализа да видиме колкав е на Штипскиот Универзитетот до сега запишан и колку сте примиле наставен кадар таму. И уште 5 нови, па да провериме колкав е бројот на студентите кои што се запишани на тие факултети, тоа важи исто и за Тетовскиот Универзитетот. Јас имам ист аршин. Да биде јасно на оние кои даваат изјави, високообразовна институција, па макар и членка на постојни универзитети, Државен се станува само преку ова Собрание со Закон. Не може ни Медицински факултет на Тетовскиот, ниту ваму ниту онаму без закон овде во Собранието. Овде мора да помине со закон и сите ние да дадеме отчет пред јавноста и да одговараме пред јавноста што правиме. Тие приватни високообразовни институции ќе направат притисоци во различни форми преку овој закон да се лимитира бројката на студентите на државните факултети. Е, сега, корупусот на претпоставени бројки на студенти е тој во Македонија, не може да се најде поголем број на студенти. Прелевањето ќе биде драстично и тогаш отворате друг проблем, универзитетските професори кои се на државните факултети,Собрание е разбира дека ќе кажат зошто седам за толку ниска плата тука кога ваму се даваат 2000 евра. Ќе имате масовно прелевање на професорскиот кадар на приватните. Тоа директно ќе се одрази на Универзитетот “Кирил и Методј”, институција 60 години развивана, гордост на Република Македонија, може во еден даден момент со невнимание, со поддршка на некој ректор кој поим нема кои се спецификите на овој Универзитетот, да направи хаос.

Кога го браневме во Стразбург како делегација официјална во Советот на Европа високото образование или нашите перформанси пред Советот на Европа, после потпишување на Болоњската декларација ни рекоа вака: Белградскиот Универзитетот и “Св. Кирил и Методиј” се единствени институции вака структуирани и тие мора да направите напор нешто да се промени таму. Ние тоа го премолчевме, Белградската претставничка тогаш беше многу поостра, бидјеки тогаш тие имаа ембарго, не можеа Србите да учествуваат во темпус проектите.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Герамитчиоски, сепак малку, знам дека е поврзано, ама дигресии се тоа непотребни.

**Тале Герамитчиоски:** Добро, ќе бидам поконкретен. Да ја одбраниме структурата на “Св. Кирил и Методиј” онаква каква што е сега со порака самиот Универзитет да даде предлог што натаму. Јас сум уверен 100% дека тие имаат сили и знаење тоа да го направат сами. Немојте да дозволите политиката да замеша прсти, да се донесе стечаен управник од надвор, ќе ги исполни критериумите редовен професор многу лесно. Ќе ви набројам 10 личности кои можат во секој момент политиката да ги употреби да дојдат тука и ич око нема да им трепне што ќе биде со “Кирил и Методиј” ќе ја завршат работата. Иако, во Универзитетот “Кирил и Методј”и ректорската управа сега не сака сега да верува во вакво решение. Многу лесно може тоа сценарио да се спроведе. Да ни биде човечката совест чиста, да

не испадне дека не сме рекле дека тоа е можно да се случи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине Герамитчиоски.

За реплика се јави Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас на почетокот би рекол дека можеби со некое омаловажување господинот Герамитчиоски гледа кон сите други универзитети кои што постојат во Република Македонија, дали се тоа приватни или државни, сепак треба да ги респектираме, затоа што сите се трудат да бидат квалитетни и само со трудење и вистинска работа ќе може да го постигнат она што е врвниот квалитет.

Би ве запрашал господине Герамитчиоски дали ќе можете да ми одговорите врз основа на кој закон за работни односи вие не можете да го промените вашето работно место и да конкурирате на едно работно место како што е ректор на Универзитетот во Скопскиот Универзитет, а вие сте вработен на Битолскиот Универзитетот. Зошто ова го спомнувам, затоа што со вашиот амандман директно гокршите членот 55 од Уставот на Република Македонија кој што гласи: “се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото. Републиката обезбедува еднакви правни положби за сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот”. Тоа значи во Законот за работни односи вие засновате работен однос на Битолскиот Универзитет, со кој член од Законот вас ви се забранува можноста до колку ги исполнувате сите услови предвидени со конкурсот дека треба да бидете редовен професор на Универзитет, не смеете и не можете да конкурирате на друго работно место. Тоа е директно кршење на Уставот и на законите што вие го предвидувате со овој амандман. Затоа, јас ќе напомнам дека ниту вие кои доаѓат од Битолскиот Универзитет не сте помалку квалитетен од било кој друг професор кој се наоѓа на Скопскиот Универзитет. Ако сметате дека немате доволно капацитет да конкурирате, немојте да се јавувате на тој Универзитет. Но, до колку сметате дека вашиот капацитет е голем и како професор и како интелект, зошто и со кој закон ќе може да ви се ограничи вашата слобода на она што се нарекува конкурирање на одредено работно место. Дали можете да ми објасните зошто вие не би можеле да бидете ректор на Скопскиот Универзитет, а сте вработен во дадениов момент во Битолскиот Универзитет. Зошто кога конкурсот ќе се објави на Скопскиот Универзитет, вие не ќе можете слободно со вашите документи, со вашето звање да конкурирате на Скопскиот Универзитет и до колку Комисијата одлучи дека вие сте добар квалитет и дека сте подобар квалитет од она што се на Скопскиот Универзитет, луѓето кои се пријавиле и не го земете местото ректор на Универзитетот во Скопје.

Би ве замолил да не шириме одредена демагогија и немојте самите да се потценувате дека доаѓате од Битолскиот универзитет, затоа што сите универзитети подеднакво се квалитетни. Но ќе напоменам дека и на Скопскиот универзитет, за жал, имаме зачауреност во која што само фамилијарните односи можат да преовладуваат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Герамичиоски, вашата минута за контра реплика.

**Тале Герамичиоски:** Прво, членот кој што го спомнавте нема врска. Еве го Уставот, членот 32 зборува за нешто сосема друго.

Второ, почитуван колега, ова не е работно место, ова е функција. Работното место му е професор. Тие имаа некоја намера да направат работно место со склучување, ама го прифатија претходниот амандман во кој што 30% од времето може да изведува настава и тоа му е работно место, а ова е функција со мандат од 4 години. Нема тука ништо за работен однос. Кога се назначува на функција, тогаш има посебни права и обврски кои што се дефинирани и во статутот. Едноставно ова е нешто друго што го зборувате. Нема врска со тоа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине.

Господин Васко Шутаров, повелете со вашите три минути.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги и колешки,

Ќе се надворзам на ова што последно го кажа почитуваниот колега Герамичиоски од членот 53 став 4 овој закон, како надополнување на репликата што ја имаше со колегата.

Ректорот своите права од работниот однос ги остварува според договор склучен со Сенатот. И мислам оти тука цела дилема од претходната дискусија завршува.

Многу интригантно ми е тоа што вчера го спомна некој од нашите колеги пратеници, а и денешнава дискусија веројатно до петок ќе се одвива така, дека бастионот не смее да падне. Мислам дека цела дискусија за автономијата на Универзитетот, за академските слободи што може да трае до бесконечно, таа дискусија може да трае и до крајот на нашиот мандат, но само дополнително ќе ја исполитизира темата и на крајот навистина не можеме да дојдеме до некое компромисно решение. Зошто не можеме да дојдеме? Затоа што нашите колеги од опозицијата навистина ги читаат Болоњските процеси и Предлог законот за високо образование, навистина од еден по друг орвеловски ракурс во кои некои од нас се поеднакви од другите. Тоа професорско здружување адхок, по слободна интерпетација на одредени членови од Законот, навистина иритира. Интегрираниот универзитет и автономијата на Универзитетот не се во никаква колизија, барем не, читајќи го словото на законот.

Статутот на Универзитетот операционализира се она што не е кажано во законот. Пред малку почитуваниот колега спомна некаква дискусија со неговата колешка од Србија.

На последната лондонска конференција 2007 година, истата таа Србија и Хрватска кои имаат донесено слични вакви закони во 2005 и 2006 година, од 44-то претпоследно место во категоризацијата на земји кои реформирале образование, се најдоа на листата меѓу првите 10, со оценка 4,19. Помакот на Македонија е од 3,16. Заменик министерот нека ме исправи ако не е така.

Статутите на белградскиот универзитет и загребското сеучилиште, сите оние нешта што се спорни во дискусијата, ги операционализираат и навистина го омеѓуваат или го детерминираат се она што сметаме дека се волонтаристички функции, претпоставени на ректорот. Има многу ограничувања што универзитетот Св. Кирил и Методиј во својот статут може да го донесе.

Ако почитуваниот колега Герамичиоски се јави за реплика би го запрашал, на Шангајската листа на 500 најдобри универзитети, белградскиот се врати на 4,19 место. На кое место е нашиот Универзитет Св. Кирил и Методиј?

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Герамичиоски, имате една минута.

**Тале Герамичиоски:** Веднаш ќе ви одговорам.

Белградскиот универзитете беше единствен во Европа, па можеби и во светот, во Европа сигурно, во кој Владата избираше ректор и тогаш беше на дното, од политизација. Кога 6 пати го менуваа законот, а можеме да дебатираме со часови ако сакате, за тоа, тогаш почнаа да напредуваат. Кога внесоа демократски процеси и автономијата ја зацементираа во Законот, тогаш почнаа да напредуваат и тогаш напредуваа на таа листа која ја цитирате.

Ако нема задни намери, никој од вас не ми одговара, ниту претставникот од Владата, и досега законот дозволуваше јас да конкурирам на Универзитетот Кирил и Методиј. Зошто се вметна оваа реченица дека не мора да биде вработен, освен ако нема задна намера. А добро знаете дека има задна намера.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Секуловска имате три минути реплика.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам претседателе.

Колегата Герамичиоски кога зборуваше не зборуваше само за амандманот туку пошироко, практично повторно направи осврт на Законот за високо образование но во ред.

Јас, со многу работи што ги искажа професорот Герамичиоски, се согласувам. Имено зборуваше како избори или реизбори, се прескокнуваат фази итн., меѓутоа, треба да бидеме самокритични и јас и професорот Герамичиоски и да кажеме дека и јас и тој на наставно научните совети сме гласале за некое такво решение, значи никој не ни е виновен. Можеме слободно да отвориме на слајтовите на факултетите па ќе видиме кој тоа скокнувал звања итн. Мислам дека Законот сепак тоа го дозволува. Доколку критериумите се исполнети, според законот и никој не може да се постави над законот, ниту деканот, ниту наставно научниот совет, доколку некој ги исполнува тие критериуми за избор во повисоко звање.

Сега да се вратам на амандманот каде зборуваме за избор на ректор дека не мора да биде вработен во Унвиерзитетот. Јас тоа како го сфаќам? Јас го сфаќам дека може да биде од друг универзитет.

Понатаму, скоро имавме случај, еминентен професор од Електротехничкит факултет во Скопје, замина од редовите од тој факултет и отиде на друг универзитет. Јас би рекла, зошто тој еминентен професор не би можел да конкурира за ректор на Универзитетот Св. Кирил и Методиј кој до вчера беше на тој универзитет, па замина дали во приватните универзитети, или на некој од Државните универзитети, не знам точно, зошто тој не може да конкурира за ректор.

Понатаму, еве вие колега Герамичиоски претходно 4 години бевте министер, сега сте 4 години пратеник, тоа се 8 години. Вие сега сте професионално пратеник и вие и јас. Ние сме вработени во Собранието на Република Македонија.Зошто вие да не можете да конкурирате на конкурс за ректор, бидејќи по звање можеби сте редовен професор, не е важно, ќе земам дека сте редовен професор, зошто вие како вработен во Собранието на Република Македонија, ако имате звање редовен професор, зошто вие да не можете да се јавите на конкуроѕт на Универзитетот Св. Кирил и Метоиј или на Унвиерзитетот Св.Климент Охридски за да бидете ректор и со самиот избор од страна на Сенатот, ќе заснивате работен однос како ректор. Навистина не гледам причини поради кои треба толку многу да дебатираме околу овој амандман, односно околу овој член на Законот за високо образование, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Герамичиоски.

**Тале Герамичиоски:** Никој не ми одговори на прашањето зошто е вметната оваа реченица на Владина седница, иако никогаш не била, во ниедна верзија од Законот. Не е тоа проблемот дека јас не сум можел да конкурирам или сум мможел, или било кој. Законот и досега дозволувал, почитувани колеги, почитувана колешке, Законот го дозволувал тоа. Сега се вметнува реченица во која на мала врата се отвора нешто сосема друго и сега ако не можете тоа да го разберете, тоа што го елаборирам, јас сугерирам други претпоставени ситуации кои не мора да се случат, но и можат лесно да се случат со оваа власт, како што се случуваа. Јас ги набројав примерите. Нема тоа ништо врска што го зборувате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневкска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер, почитуван господине Тале Герамичиоски, професор на унвиерзитет, почитувана госпоѓо Мирјана Секуловска, почитувана госпоѓо Валентина Божиновска, вие што сте заинтересирани за тоа што се случува.

Ќе ми дозволите уште еднаш да го прочитам спорниот став - ректорот не мора да биде од редот на вработените на Универзитетот. Тоа е нешто за кое ние со денови дискутираме.

Точно е, ниту до сега, не било забрането ректорот да оди од универзитет во универзитете, ниту останатиот дел од членот 53 тоа го забранува за да мора експлицитно овде да пишува дека не мора да биде.

Која е фактичката состојба во Република Македонија, во споредба со некои други земји:

Во некои други земји, малку побогати од нас и малку понапредни од нас, одреден број на професори мобилно да се движат во образовниот, односно се движат, не мобилно туку имаат мобилен однос кон образовниот систем и одреден број професори предаваат на еден па на друг универзитет, истите се избрани за декани, или е вентуално за ректори на универзитетот, но тоа е поврзано со нивната обласна работа, тоа е поврзано со проектите кои ги добиваат од Владата или од други институции кои се волјни да вложат пари за изработка на проекти, на пример за здравството веледрогерија, кои вложуваат многу пари за развој на истражувањето и науката на одредени универзитети, или исти такви проекти, не е битно од кого се финансирани. Таа мобилност произлегува од таквото нешто, или од потребата на унвиерзитетот да се подигне малку погоре на одредени рејтинг листи, или да добијат повисок скор на факултет или на универзитет за да привлечат, заради квалитетот со кој работат, повеќе студенти, за оттука да лиферуваат научници, истражувачи, интелегенција.

Кај нас фактичката ситуација е следна:

Бидејќи Македонија е сиромашна земја, бидејќи професорувањето подразибра и вработување, нашите професори се врзани за местото на живеење каде го формирале своето семејство, каде се одвива нивниот живот, па така не верувам дека постои исклучок, освен некоја забуна, како што зборувавме за професор Габер, дека било кој од Скопје ќе сака да се пресели да живее во Битола, да живее во Штип, ако има во Кичево, или да живее во Тетово за таму да работи на тој универзитет. Сега ќе речете државата е многу мала, па ќе живее и ќе работи во Скопје, а ќе патува секој ден на работа. Но, во принцип тоа не се случува.

За разлика од тоа, верувам дека одреден број професори кои се на Универзитетот во Битола, Охрид, Штип, Тетово, не е ни битно каде, би сакале да дојдат да живеат во главниот град на државата, но и да станат наставници на Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

Јас, почитувани колеги, сметам дека универзитетот Св. Кирил и Методиј има традиција, но дека е Универзитет кој држи до квалитет. Не сакам да кажам ништо лошо за другите универзитети, не сакам да кажам дека се неквалитетни, не сакам да кажам дека таму не работат квалитетни луѓе, не сакам да кажам дека оттаму не произлегле одлични стручњаци и интелекти, но сакам да кажам дека искуството на оваа земја покажало дека на другите универзитети, еве ќе речам и прифатните за да не биде сфатено строго државните, навистина се глед ерозија на квалитетот. И такви примери од опозицијата, со име и презиме слушавме.

Многу ми е драго што конечно денес, господин Положани и господин Герамичиоски стручно дискутираа затоа што во изминатите 5-6 дена имаше многу политиканство овде и беа кажани работи кои не држат вода и кои се во дневна политика, но беа кажани и доста аргументи кои се база за ова што јас го говорам.

Со задоволство можам да кажам дека јас во мојот 25 годишен стаж на Медицински факултет не сум била сведок на скратување на периодот на звањето, наставните звања или помошните звања на нашиот факултет. Но пак сум сведок, во истите тие 25 години, како на Правниот факкултет на Универзитетот Св.Кирил и Методиј, како на Битолскиот Унвиерзитет, како на Штипскиот Универзитет, како на Тетовскиот Универзитет, луѓето во рок од 4 години кога би требало само да ја завршат до дипломската настава, значи да се стекнат со факултетско знаење, станаа и доктори на науки и магистри пред тоа, а и беа избрани во звања и сметам дека многу сте погрешиле ако сте гласале за некои на кои требало да им се скрати периодот, бидејќи тоа е предвидено за буџет кои дале исклучителен придонес во областа на својата работа, за луѓе кои го задолжиле универзитетот, за луѓе кои ја задолжиле работата со својата работа, или евентуално ако веќе толку многу се истакнале во својата работа, а факултетот има потреба а нема кадар, па да се направи исклучок и тие преку ред да го добијат она што го заслужиле, а не како подарок, она што реално го заслужиле. Тоа беше фактичката состојба во однос на трансферот од Универзитет во Универзиет. Значи, законот ни досега не забранувал било кој професор кој исполнува критериуми односно услови, да стане ректор на било кој универзитет во Република Македонија, ама ние такви примери сме немале, ниту очекувам да има се додека ни е ваква состојбата каква што ние е. Не очекував да има. Нема суштинска причина за такво нешто.

Зошто еден редовен професор од правен факултет во Скопје би отишол да биде ректор на факултетот во Тетово? Не се исполнети условите кои ги има во развиените држави, ниту пак еве Штипскиот или Охридскиот на пример

Универзитет, стигнал до тој степен да ги бара најголемите стручњци од Универзитетот Св. Кирил и Методиј за да го подобри својот квалитет на работа, за да привлече повеќе студенти, магистранти и докторанти, за тоа да биде во корист на самиот факултет, во неговиот квалитет на знаење.

Сега, дали има политика во универзитетот?

Овој закон нема да дозволи политика на Универзитетот. На универзитетите во Македонија има политика, значи зборувам за она што јас мислам дека е реална состојба и тоа не е, господине Герамичиоски привилегија на оваа власт. Тоа се случуваше и во сите други власти на назад и тие што работат на Универзитет го знаат тоа. Значи автономијата на Универзитетот е нарушена од едноставна причина што кога доаѓаат избори за декани. Сите ние кои сме безкрајно автономни, кога се приближува денот на изборот почнуваат некако кандидатите да бараат партиска подршка и се случувало дури и на најдемократските избори во Универзитетот сепак некој од кандидатите да добие партиска поддршка од симпатизерите, професори на едната или на другата опција и така да биде избран деканот, што во принцип сметам дека е некакво легитимно и демократско право, но задира во автономијата. Без дилема, за автономијата ќе зборувам на крај.

Покрај многуте нешта што ги слушнавме деновиве зборувавме и за тоа дека навистина има конфликт на интереси во Законот кој сега го нудиме, односно конкретно во овој член и во другите членови. Значи, сметам дека можеби ваквото решение кое очигледо вака ќе се донесе, можеби ќе падне на Уставен суд, но ние сме Парламент тоа е работа на Уставниот суд. Согласна сум дека не може ректорот да управува со Сенатот. Апсолутно, тоа е една точка на конфликт на интереси. Преголеми му се ингеренциите на ректорот, тој управува со се, буквално на Универзитетот. Иако досега постоеше навистина демократски принцип кој не функционираше совршено, но имаше шанси навистина да профункциорнира онака како што треба.

Е, сега за автономијата и зошто е толку важна автономијата и зошто овде адхог направија групирање професорите од сите опции во одбрана не на своите работни места, не на иднината на нас лично, не дури и во иднината на Универзитетот, туку за иднината на автономијата. Зошто е таа толку многу значајна? Заради академската слобода и овде слушам дека секој како сака ја толкува академската слобода, јас ќе ве вратам малку поназад во историјата и тоа не блиску во СФРЈ или пред тоа, многу многу поназад кога е дефиниран професорот. Што значи да се биде професор или што значи да се има академска слобода.

Професорот покрај тоа што е учител, значи покрај тоа што го пренесува своето знаење на оние кои бараат од него тоа да се прави, професорот е носител на нови идеи и напредок на општеството. Ќе ве потсетам на тие што се моја генерација и оние малку постари на една не знам како да го наречам тоа нешто, значи во тоа време кога јас бев малда велевме дека е биртија, а се викаше Букет. Сега е срушена и не постои мислам дека негде се обидуваа да ја реновираат, во Букет доаѓаа професорите на Универзитетот Св.Кирил и Методиј, не знам каде било тоа во Битола, каде било во Прилеп, веројатно имало такво едно место и доаѓаа студентите од Универзитетот Св. Кирил и Методиј не да јадат и да пијат бидејќи беа сиромашни и едните и другите туку да размислат, да споделат идеи, да изнајдат нова идеа во однос на правото, економијата, филозофијата, политиката. Денес некој кој што за 4 години станал, упишал прва година на факултет и четвртата година станал доктор на науки ни во биртија каква што беше Букет не може да привлече студент. Не знам кој што е ги има и можеме да ги видиме како што рече госпоѓа Секуловска, отворете интернет секаде за секого се пишува, каде, што и колку објавил господин Фадил Сулејмани, каде и колку објавила Весна Јаневска, Мирјана Секуловска, итн, сите со ред. И колку да ве потсетам што значи професор, ќе се задржам само за медицината за да ненамерно не повредам некого, а сигурно има на Универзитетот Св.Кирил и Методиј многу такви луѓе. Ќе ве потсетам на имињата професор Арсов, професор Филдишевски, професор Мицев, професор Угрински, професор Урумова, професор Давчев, професор Пеев, професор Таџер, професор Каракашева. На секој од нив можеме да им најдеме мана, некој пиел, некој бил депресивен, некој зел мито, некој не знам што направил, но тие луѓе се претпознатливи. Едниот по тоа што е 20 години мртов, а студентите и ден денес учат микробиологија од негвата книга која е пандан на сите микробиологии одпечатени во Западна Европа. Се разбира не се, затоа што од тогаш до сега напредувала науката, но делови од таа книга и ден денес се релевантни. Професор, еден на пример од нив, не постоеше идеа која денес ќе излезеше во некое амириканско списание кое тој утре, значи ако во понеделник излегла, во вторник ќе ја презентираше пред стручниот колегиум. Една од професорките која ја спомнав, на која студентите и ден денес кои сега се професори и се поклонуваат кога ќе ја сретнат на патот и конечно со име и презиме ќе го кажам професор Таџер, за кој знае цела Македонија, кој секогаш беше скромен, но достоинствен за кој знаевме дека ако кажал нешто е точно, дека кажал нешто е сигурно, дека ако кажал е вистина, дека ако кажал нешто треба да се запомни за цел живот. Да ви кажам дека еден професор Миодраг Мицев кога јас бев студентка, држеше трибини попладне во анфитеатарот во некои од анфитеатрите на Медицинскиот факултет и одговорно ви тврдам дека ниеден актуелен политичар во оваа земја не може да собере толку народ колку што студенти и не само студенти на Медицина, студенти, но и

универзитетите во Македонија како кога професор Мицев за без пари, за поради својата улога, заради своето учетелствување го едуцираше значи интелектуалниот свет на оваа држава. Еден преку друг седевме, не можевме да влеземе во анфитеатрите и го молевме да ги повторува до бескрај тие истите за да можеме нешто да научиме. Не само за медицината, за етиката, за хуманоста, за цивилизацијата, за филозофијата, за она што всушност претставува живот. Јас им се извинувам на сите не сакам никого да навредам, но новите кадри вклучувајќи ме и мене не се такви. Тоа е она што на Македонија во овој момент и фали.

Значи, нема никаква опасност почитувани колеги, овој член ќе се донесе таков како што е предвиден, постои опасност дека може да се злоупотреби, логична е мислата на опозицијата дека има задна мисла зад ова, бидејќи не гледам реална потреба зошто треба тука да го има, нека се донесе. Оние, сега ќе се повторам еднаш претходно зборував, кои 3 и 3 години биле помлади асистенти, шест, кои 3 и 3 години биле асистенти 12, кои 5 години биле доценти 17, кои 5 години биле вонредни професори се 22 нема од што да стравуваат. Тие ако на 23 години завршиле факултет на 43 години станале професори нема зошто да се плашат од ниедна власт, ниту од СДСМ-овски, ниту од ВМРО-вски ректор, ниту од СДСМ-овски, ниту од ВМРО-вски декан. Функцијата на професорот е да го шири знаењето. Професорот не го ценат ниту ректорите, ниту деканите. Професорот го ценат неговите студенти, неговите магистранти, неговите докторанти и рецензионите комисии, каде што тој професор објавил свои стручни, научни, истражувачки трудови. Таков професор не може да биде угнетуван, таков професор не може да биде омаловажуван, на таков професор не му е важно која политичка опција е на власт. Но, можно е да се злоупотреби вака формулираниот член и тоа се надевам искрено дека ваквите професори нема да го дозволат, можеби е работа на политката да се вмеша секаде, можеби е работа на Владата да ги зацврстува било која, своето влијание и во Универзитето за да го подобри квалитетот ако сме со добра мисла, но ова се луѓето кои ќе ги натераат владите на било која земја она што ќе се случува на Универзитетот да биде добро. Е сега јас повторно ќе се обратам на тие луѓе кои се сокрија, кои ги нема, кои се плашат да ја кажат својата мисла, кои се плашат да го кажат својот став не сега во оваа Влада туку и од 1993-94 се повлекоа, длабоко се сокрија во пештерите на своето знаење и останаат со контактите на своите самопривrзаници кои се откажаа од работа од општеството затоа што нивниот труд не беше почитуван, затоа што нивната мисла не беше ислушана, затоа што нивните зборови беа злоупотребувани.

Почитувани колеги, нема да должам. Искрено мислам дека задача ни беше да се бориме за автономијата, но искрено мислам господин заменик министре ќе можете законот да го донесете таков како што сте наумиле. Не зависи само од Министерството и од Владата каков ќе биде интелектуалниот свет во Македонија. Тоа повеќе зависи од сите нас и јас сум длабоко убедена дека на сите универзитети во Македонија има критична маса на професори која сега не може да реагира, но тогаш кога ќе дојде време сигурно ќе изреагира и искрено се надевам дека сите власти во оваа земја ќе престанат барем интелектуалците да ги злоупотребуваат. Не би ми претставувало никаква чест почитувани колеги да бидам политички избрана, ниту за декан, ниту за ректор. Ректор не мора да биде избран на функција, ректор е оној човек на кој сите колеги му се поклонуваат за работата што ја сработел со над 25 години од својот живот. Мицев Миодраг никогаш не беше ректор, е ректор во умот на сите негови генерации студенти. Таџер никогаш не беше ректор, е ректор во умот на сите генерации негови студенти. Јас се надевам дека овој Универзитет и натаму ќе создава такви луѓе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас госпоѓо Јаневска, посебно заради тоа што го спомнавте во таква светлина покојниот професор Мицев. Срдечно ви благодарам.

Кој има за реплика, господин Сулејмани, потоа господин Оровчанец.

Повелете господине Сулејмани со вашите три минути.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван претседателе, почитуван заеменик министре за образование.

Јас воглавно се согласувам со дискусијата на госпоѓа Весна, но во однос на квалитетот мислам дека не треба да се направи оценката според институциите дека е поквалитететн овој или друг универзитет. Но според личностите, кадарот кои работат во овие универзитети бидејќи таму има луѓе кои ги постигнале сите услови, нивоа и научно-стручни подготовки и не може да одиме анблог дека кадарот на некој универзитет се послаби, а на некој се подобри. Во однос на изборот на ректорот во универзитетот јас се согласувам со сите тие кои го подржуваат овој закон и јас ќе го гласам законот бидејќи подобар закон ние во Македонија за високото образование до сега не сме имале. И сакам работите да ги гледам во системот да бидеме малку подалековиди и да гледаме дека овој закон произлезе од стандарди и искуствата од земјите кои имале подолго време работа со образованието, со универзитетот, со кадарот во универзитетот итн. Овој закон овозможува ректорот да се избере и надвор од универзитетот. Јас би рекол дека нема ништо лошо доколку ректорот е и странец. Значи не само надвор и од универзитетот, туку и од надвор и странец. На овој начин ние даваме можност, ректорот да биде поквалитетен кадар да конкурираат лица со повисока подготовка и со поголемо стручно и научно искуство и ќе

повторам овде нема ништо лошо и кога го имаме во предвид тоа дека ректорот го избира Сенатот и го разрешува исто така Сенатот, а кога се има предвид дека ректорот не може да работи со своја глава туку пред себе има статут, Деловникот за работа на кој треба да се придржува и овде нема место за страв, нема место за паника и не треба и понатаму да правиме опструкции и да одолговлекуваме со оваа точка во однос на овој амандман, туку треба да гласаме и да одиме паралелно и ние со напредниот и демократски свет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Јаневска, контра реплика ли побаравте, повелете, вашата минута.

**Весна Јаневска:** Во однос на квалитетот на личностите постои евалуација и јас тоа јасно и гласно го кажав од говорницата и немам што да додадам. Впрочем, граѓаните можат сите да не евалуираат само ако отворат интернет. А во однос на ректорите странци имам страшно многу против. Има лошо. Оваа држава е држава, има свои универзитети, има свои професори кои студирале, докторирале, магистрирале во странство има деца кои завршиле на Оксфорд, на Харвед, на Стенфорд кои можат да ги пренесат своите знаења овде, има млади луѓе кои постојано ги користат можностите на мобилното образование и не гледам дека има потреба, остро се противам на идеата дека странец треба да биде ректор на било кој од нашите универзитети. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Оровчанец со вашите три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Во голем дел од дискусијата на госпоѓа Весна Јаневска би се сложил, меѓутоа она целата дискусија ја обви, тоа е легитимно можеби со право во една идеализирана форма. Односно како би требало да биде. Јас со тоа би се сложил затоа што такви треба да види. Меѓутоа, конкретно кога се однесува до рецензиите кои треба да бидат на фаза на дефинирани критериуми кои се евалуирани, познати, јасни, транспарентни можам да ја запрашам, можеби она не знае меѓутоа при нејзината организација и институти во моментот има рецензија за млади асистенти. Во рецензијата на крај е кажано дека рецензијата е направена врз база на овој, овој и овој критериум и врз база на препорака на министерот за образование во поглед на правичната застапеност. Ако е тоа критериум за универзитет, тогаш е веќе многу дискутабилно за што зборуваме. Можеби не е информирана и мислам дека треба да го знае ова затоа што имам исти став за критериумите како што беше наведено и како што сите овде зборуваме. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Јаневска вашата минута.

**Весна Јаневска:** Во однос на критериумите и во однос за законот немам никаква дилема затоа што јас имам идентичен вакова амандман и речиси сите професори во ова Собрание имаат идентични амандмани. Значи, јас по втор пат го кажувам својот став дека сум против ставот 8 и дека би сакала да се прифати некои од тие амандмани кои се поднесени од опозицијата или мој.

За информацијата што ја дава господин Оровчанец не сум запознаена, но за волја на вистината, господин Оровчанец не ме провоцирате јас тоа секаде сум го кажала, правична застапеност не е процентуална застапеност. Правична застапеност е квалитативна застапеност. Ако сакате да зборуваме за правична застапеност на универзитетите отвараме една широка тема за која мислам дека не е момент да разговараме. Дали е во Рамковен договор или не е по Рамковен договор. Дали во Рамковниот спаѓа само администрацијата, полицијата, војската итн. Но како професор на Универзитетот се залагам за критериум оној што ќе покаже најдобар квалитет тој треба да биде избран.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Весна Јаневска:** Извинете, само уште една реченица.

Благодарам, ќе погледнам во билтенот, ако е така ќе реагирам. Благодарам многу.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Валентина Божиновска.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе, почитуван заменик министер, по малку шеговито ме опоменавте дека веќе говоревме на ниво на седница на Комисија за европски прашања токму за овој амандман. Но, едноставно овој пат ќе се изолирам, или пак ќе се изземам како десничар цел живот, туку ќе говорам како човек кој доаѓа од една високо образовна институција. И ќе говорам многу кратко, бидејки сметам дека после говорот на госпоѓа Јаневска, го допре она што е крајно суштинско и ќе се обидам да го тематизирам, односно да го воведам тоа во финален крај од мојот текст.

Господине Претседателе, дозволете да ве воведам во конфликтот како вие што ќе кажете, овој пат и вас како редовен професор на мојот Факултет од едноставна причина, бидејки враќајки се како член на делегацијата во Словенија, вам ви се обраќаа онака како што се обраќа на една институција професор. Јас и на вашиот избор кога ве биравме за претседател на Собрание, изговорив нешто што госпоѓа Јаневска го зборува. Вие сте професор на институција. И само професорот е она што може да се каже е институција сама за себе. Значи, во Словенија помнат дека сте биле редовен професор, ги помнат вашите предавања, ги помнат вашите режии.

Јас ќе кажам неколку работи. Да се биде професор е повеќе од над потребно да се застане пред студентите и да се говори само.

Професорот е буквално соголен пред својата публика, таканречениот Бректов четврти ѕид и мора да биде максимално подготвен во секундарната минута да го изговори она што неговата публика, односно аудиториумот го чека, ја има одговорноста над одговорноста. Професорот го гради идното чедо на демократијата. Така ќе каже и Кандински во отсуство на интелектуалната мисла. Впрочем, сакам да потенцирам за институцијата професори, или институција на родот професори се и оние кои да не беше 1998 година не ќе беше отворањето на многу весници и за читањето на нивните колумни. Едноставно не постои транзициона држава во која професорите не го дадоа својот удел за еден демократски чин за развивање на една држава, па било тоа да е независна Македонија во овој момент.

Сакам да изговорам неколку важни стории од колумните на професорите кои го правеа. Во 1998 година не многу професори пишуваа односно ја градеа демократската мисла на Македонија. Затоа кога говорам, мислам дека не секој професор, заменик министер, ќе дозволи да му дојде над институција која ќе се вика ректор и ќе може да манипулира со една друга институција која се вика професор. Ако професорот Мицев во еден трагичен момент не собра и држеше предавање по смртта на сопствениот син и ни кажа, дека ако се пречекори смртта може само да се живее и да се направи држава. Тогаш, дозволете да се вџашам на пораката на еден Мирослав Крлежа кој луѓето од било која држава, било да е српска, или хрватска го чекаа да ја стави својата шапка и да чекаат два часа ако тој го пие сопственото кафе за да почне да раскажува за отсуство на интелектуалната мисла, или за писателите во Хрватска, или за еден чин од Глембаеви и т.н. Така јас драг професоре научив од вас една работа, токму за тоа што сте биле институција, дека може да се донесе бура, или да се смени ветрот кога влегува професорот, односно се сменува воздухот кога влегува професорот. И убедена сум дека Универзитетот “СВ. Кирил и Методиј” направи таков кадар на професори. Со овој момент сакам да аплицирам на нешто што ќе додје многу суштествено, граматички и лексички имаме грешка во членот, а тоа е зборот “не мора”. “Не мора” е императивна форма, тоа значи дека може да дојде некој кој ќе му биде институција на професор од Економски факултет, на Горан Стефановски кој си замина од тој аспект, бидејки не се чувствуваше добро тука, ќе му биде на Фрчковски, на Камбовски, на Серафимовски и т.н. Значи, многу е опасно за следниот ректор што ќе додје му правиме една мечкина услуга. На идниот ректор што ќе дојде ќе му биде многу тешко да биде многу добар ректор на сите професори на факултети. Зошто го говорам тоа? Затоа што треба да биде институција над институциите. Дали имаме, дали може да се случи, можеби и ќе се случи да биде од редот на професорите од Правниот факултет, можеби од Економскиот. Но, ако ова што го кажа почитуваниот колега тоа да биде човек од страна, јас не велам дека ќе ги мериме критериумите, можеби ќе биде најдобриот од подобрите досега. Но, мислам дека со таа мечкина услуга вака со овој закон однапред ќе му направиме поле во кое не ќе може рамномерно да се трка. Однапред сите професори ќе направат атмосфера дека тоа не е најдобриот. И само заради членот во кој велиме дека со Сенатот ќе раководи и ректорот. Кога ќе појдете на една автономија од Филозофски, од Филолошки факултет да им кажете дека овие и овие пари ќе ви бидат за таков и таков, да речеме за анализа на метафората во македонската современа поезија и за тоа ќе нема пари, односно ќе немате отворена сметка и потсметка, јас ве убедувам дека следниот ден интелектуалната мисла на Филолошки и на Филозовски факултат ќе рипне и ќе стане. Значи, или било на кој друг универзитет, еве на универзитетите од уметностите, ако сакате. Значи, сакам да кажам дека само со овој член. Инаку, мислам дека законот е одлично подготвен. Само со овој член правиме мало изместување на она што може да значи лоша услуга на следниот ректор. Да направиме еден бунт на интелектуалната мисла на студентите и редовните професори да заминат на Штипискиот, на Битолскиот, студентите да се регрутираат на приватните универзитети. И дозволете, секој од нас потсвесно знае дека родител кој плаќа за студентот на приватен факултет и тоа е 2000 евра, знае дека редовниот професор на тој приватен факултет го подгалува тој студент и му вели: не се грижи синко, сега ништо не знаеш, ама утредента ќе знаеш. Тоа кај редовен професор на факултат, на Филозофски, Филолошки, Драмски, ќе ве врати и мора да научите добро, или нема да се посрами професорот за да ви стави 6-ка. А бидјеки овде плаќаат и веќе одливот на мозоци на 15 илјади докторанти и магистранти се заминати. Ене го Трпков од Медицина со 10-ка сега во лабораторијата во Канада ја изнаоѓа инекцијата за шекер. Ама тој е наш студент на Медицински факултет, и тој е таму, или Росоклија, или не знам кој уште еден и т.н. Тоа се наши студенти. Горан Стефановски ги полни амфитеатрите во Англија. Ама јас од него научив дека не ми бил само тој професор и професорот Љубиша, јас научив дека ми бил и Цепенков и Мисирков и Прличев, па тој ме научил и вие професоре дека 365-от ред од “Илијада” морам да го знам на памет, дека не можам да поминам туку така. Значи, сакам да потенцирам дека овој закон е одличен согласно законите на универзитетите во Хрватска и Словенија. Но имаме само малку еднолично поместување во делот на Сенатот каде што претседавач е повторно една манипулирана, една монополска услуга на ректорот. Јас мислам дека она што ни се случи во владеењето 1998-2002 година кога ни се собираа под организација на професорите и на студентите кога беше министер Новковски, јас да ви кажам, тој што се чепнал со образованието е многу тешка работа. Тука се губи од старт и тука

многу изгубивме. Кој добро помни, изгубивме. Ама сега некој ќе ми рече, да, тој беше таков каков што беше. Точно така, јас се согласувам. Никој не можеше да му се јави на телефон и да му каже да има обратна реакција. Тој си одеше по сопствениот терк. Но, не можам да кажам дека немало политизација до 1998 година. Ве убедувам и во спротивното. Да не ги читавме колумните на Љубиша Георгиевски, на Цуцуловски, на Ферид Мухиќ, состојбата на демократската професорска мисла ќе беше сосема поинаку во оваа држава. До 1998 година, не знам сега како е, на Правниот факултет и на Економскиот факултет не смееше да се спомне името ВМРО. Во тоа ве убедувам. Не пак, недај Боже да узнаеа дека момчето, или девојчето е кандидат за помлад асистент, или за демонстратор, а дека припаѓа на десната провиниенција, не влегуваше. Затоа сметам дека тие работи политички треба еднаш да ги фрлиме преку меѓникот и да разговараме за сериозна афтономија. Со овој момент, јас имам таков амандман со госпоѓа Јаневска случајно, или не случајно сме го напишале во различни временски дистанци. Мислам дека овој збор не мора да биде од редот, ќе донесе многу лоша услуга на следниот ректор што ќе го поставиме.

**Љубиша Георгиевски:** Трии минути реплика господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Почитувана колешке, значи допревте до една област која што може вака, или онака да се протолкува, може погрешно да се протолкува, а тоа е квалитетот на професорот кој што може евентуално да стане ректор. Можеби сите ние испровоциравме со некое невнимание работите да примат друг тек. Не значи дека оние кои што се во приватните универзитети се помалку квалитетни професори од тие другите. Денес во светот, би сакал да појаснам и затоа се јавив за реплика, постојат прецизни механизми за утврдување на квалитетот што една индивидуа може да ја даде во сферата на високото образование и научно-истражувачката работа. Тоа е менлива категорија која што се дефинира преку неговиот опус изразен со број на трудови печатени и објавени во меѓународни часописи со импакт фактор, коефициент кој што се дефинира за цитираноста, или уважувањето од страна на меѓународната научна јавност во областа во која што индивидуата твори. Ние можеме сите за себе да мислиме дека сме поголеми, или помали професори, но тоа се прецизни, мерливи инструменти кои што дефинираат колку тој може да оствари. Но, ве предупредувам дека тоа е само едно делче на оценка на неговата личност. Тој може да биде добар научник, а да биде полош во искажувањето на своето знаење пред студентите, да има помали вербални способности да го искаже тоа и тоа не е мерлива категорија, тоа студентите можат да го кажат преку одредени анонимни, или јавни анкети. Нервозата е прилично голема, бидејки тоа е. Но, овде значи идеата на Владата не била во тоа. Може да биде перфектен професор со силна меѓународна репутација, а сепак, да не може да биде ректор, бидејќи тука се испомешале баби и жаби. Обмислиле дека треба да биде менаџер, а истовремено не ја раздвоиле функцијата професор од менаџер. Во другите универзитети менаџерот ја обавува само таа дејност, а не овде професорската фела. Знам дека времето ми истече, но треба да се прави дистинкција во тој дел.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика има госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине претседателе, се извинувам што кога ги набројував професорите, не ве спомнав и вас. Искрено ве молам да ми извините, но госпоѓа Божиновска надокнади. Госпоѓа Божиновска, пропуштивте нешто да кажете. Господин Веле Митановски вака рече: дојдовме во парадоксална ситуација бруцошот да и биде претпоставен на професорката која ќе му дава знаење. Значи, ова е опасноста заради која денес ние цел ден зборуваме. Јас се надевам господин заменик министер, дека и вие и господинот министер нема да дозволите вакво нешто.

**Јагнула Куновска:** (Дофрлува од место).

Претседателе, вие не требаше ова да го дозволите за професор на факултет. Ова нема врска со законот за високо образование.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, побарајте збор, па ќе добиете.

Пред да дадам пауза за ручек, би сакал да ве потсетам сите, а особено академските граѓани дека една од најдолгите дискусии во среден век има сколастичката дискусија околу прашањето, колку ѓаволи можеле да седнат на врвот од една игла. Многу долго се дискутирало. Ама тоа беа некои други векови. Се надевам дека знаете што сакам да порачам.

А сега ви посакувам на сите пријатен ручек.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,12 часот)

**Благој Зашов:** Почитувани пратеници,

Продолжуваме со претресот по амандманот 5 на член 53 став 8 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Од предпладневната седница имаме две реплики.

Прв за реплики се јави господинот Шутаров, повелете господине Шутаров.

**Васко Шутаров:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги и колешки,

Мене ми е жал што после инспиративниот говор почитуваната Божиновска не е овде и на некој начин репликата станува депласирана. Само сакав со еден пример да и кажам дека дискусиите за академските слободи и автономијата на универзитетите не престануваат дури на универзитети од калибарот Оксфорд и Кембрич

кои се надвор од Болоњскиот процес. Ќе и кажев и зошто. Затоа што последните 42 премиери на Обединетото кралство, сите до еден биле студенти на Оксфорт и на Кембрич и ниту еден скандал врзан за некаква интервенција помеѓу наставниот кадар или професорите на тие два универзитети се нема случено никаков скандал, ургенција или интервенција меѓу премиерите и нивните професори. А, дискусиите, дури и таму, за автономија на Универзитетот и академските слободи не престануваат.

Тоа ми беше реплилката. Се губи смислата, заради тоа што колешката Божиновска не е овде.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Шутаров.

Сега за реплика се јави господинот Сулејмани.

Повелете господине Сулејмани.

**Фадил Сулејмани:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Сакав и претходно да реплицирам, Република Македонија треба да чекори, да напредува, да се развива паралелно со другите земји кои се развиени и прогресивни од Европа, Америка. Не може ние да се изолираме во однос на реформите во образованието, судството, полицијата итн. Повеќе од убеден сум дека еден ден и ние ќе признаеме дека ректор може да се избере на еден универзитет и кај нас не само од универзитетот или каде што работи, туку и надвор од тој универзитет, и надвор од тој град и надвор од политичките граници на нашата Република. Ова се случува денеска во напредниот свет. Вакви случаи имаме во Америка, во Европа, каде ректорот е странец, независно што има двојно државјанство,

Ова се случува и на приватните универзитети, а ќе се случи и на државните универзитети, финансирани од државниот буџет. Доволно е да го знае англискиот јазик, да ги исполнува условите и овде не треба да има страв никој од нас. Ова е прво.

Второ, не знам зошто некој се плаши доколку ректорот се избере надвор од универзитетот дека би имало политичко влијание дека се политизира и партизира универзитетот и се нарушува автономијата. Јас мислам дека ќе се случи спротивноста. Доколку го избереме ректорот надвор од установата, каде се бара, со конкурс, дека со тоа ќе се деполитизира и департизира универзитетот и не треба да се плашиме во оваа насока. Доколку партијата, Владата или актуелната политика влијае, таа може да влијае и тогаш кога ректорот ќе биде кандидат од редот на вработените на Универзитетот.

Овде не треба да се плашиме, а од друа страна денеска нашиот пат е кон Европа, кон евроинтеграциите, кон либерализација на нашиот општествен живот, на нашите институции и образованието во целина. Ви благодарам.

**Благој Зашов:** Ви благодарам господине Сулејмани.

Сега за збор се јави господин Јани Макрадули, повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министре,

Ќе се обидам да додадам уште некој аргумент во прилог на нашиот амандман што го имаме поднесено.

Иако нема заинтересираност од страна на парламентарното мнозинство за да се разменат аргументите, што, не само опозицијата, туку и многу претставници од позицијата имаат не само декларативна поддршка на овој амандман, туку и со свои амандмани се борат да ректорот биде од редот, да мора да биде од редот на вработените на универзитетот, и начинот на избор и разрешување да се уреди со Статутот на универзитетот, а не со тоа да не биде од универзитетот.

Тоа што нас не загрижува или тоа што се обидуваме со овој амандман да го направиме е да спречиме една политичка одлука за упад на универзитетот. Дали тоа би било од политички причини или можеби од бизнис причини.

Ќе се обидам да дадам аргументација за двата.

Тоа што ректорот не мора да биде од редот на вработените во универзитетот, од политички побуди ова решение што е овде направено, да ја потсетам јавоста, тоа е направено на седница на Влада, не постоеше во предлогот на Министерството за образование и наука до 20 ноември овој текст беше усогласен со универзитетите, но на седница на Влада ова е додадено. Зошто е додадено ќе видиме во иднина, бидејќи овие 18 месеци не научија дека ВМРО ДПМНЕ, кога ќе науми нешто, прво некоја своја идеја, за тоа бара свое законско покритие и тоа го прави со ова несреќно решение во Законот.

Таквиот политички упад има за цел деградирањето на Универзитетот Св. Кирил и Методиј и сето она што е направено а тоа ќе го потврдам со два аргументи.

Денеска сме сведоци дека со огласите во медиумите, 600 евра во еден печатен весник колку што чини, Владата одлучила, Владата, одлучила дека утре е 21 февруари, ден на знаењето на нашата држава. Врз база на што, тоа никој не го знае. Кој пронајдок е утре? Што се случило утре? Зошто баш утре е избрано да биде ден на знаењето во Република Македонија. Дали ќе биде државен празник, дали ќе се организира симултанка на премиерот со студентите за знаење за странски инвестиции? Значи, ние ништо не знаеме што ќе се случи, за што Владат денеска потрошила 3000 евра во медиумите да го рекламира Денот на знаењето што си го вовела самата, без да направи една широка дебата во јавноста.

Но, овој упад го има за цел да го минимизира 24 мај, денот поврзазн со Кирил и Методиј, се она што значи во нашата историја Кирил и Методиј, затоа што Владата односно ВМРО ДПМНЕ решила да го уништи Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

Да биде трагедијата поголема, овој политички упад, е со поткрепа на еден професор кој работи на универзитетот, а тоа е министерот Трајко Славески. Еве го аргументот број 2 зошто го велам тоа.

Сите го добивме Извештајот за реализација на ваучерите, што јас го нарекувам обид за прикривање на криминалот на ВМРО ДПМНЕ. Но, за ова ќе разговараме, има време. Таму, во Извештајот, што министерот Славески ни го доставува со задоцнување од законскиот рок, кажува колку компјутери се распределени на Државниот Универзитет Тетово, ваучери па се реализирале, колку ваучери се реализирани на Универзитетот Гоце Делчев - Штип, колку се реализирани на Југоисточниот Европски Универзитет на Европскиот, на ФОН, на Америкен Колеџ, и ЕСТРА. И, замислете како го вика скопскиот “Ректорат - Скопје”.

Заменик министре знаете ли вие за ова? Кој има право, кој му дал право на Трајко Славески, криминалот со ваучерите, па да го прикрива со нова глупост, а тоа е дека Универзитетот се вика Ректорат - Скопје. Како може тоа сите универзитети да си се викаат по име, освен Кирил и Методиј се вика Ректорат Скопје. Тоа, или Трајко Славески работи контра преговарачкиот процес што сега се одвива во државата и работи на штета на интересите на Република Македонија или човекот толку се изгубил во својата фрустрираност, зошто пред 20 години не му дале стан од Универзиетот Св. Кирил и Методиј и сега се свети на Универзитеетот Св. Кирил и Методиј. Го поништува 24 мај, кој и дал прво на Владата право да го поништува 24 Мај. Кај нас 24 Мај е поврзан со знаењето, со просветата, со сето она што значи историја.

Како тоа 21 февруари ден на знаењето на Македонија? Се изјаснила ли Академијата, се изјасниле ли универзитетите? Си изјасниле ли просветните работници или не знам кој? Зошто се мора ние да направиме преку ноќ, па уште и да ги уништуваме сите датуми. Па после се чудиме зошто ние велиме дека ВМРО ДПМНЕ не работи во националните интереси на Република Македонија. Тоа се политичките причини што ние ги гледаме, а се обидуваме со овој амандман да ги спречиме тие политички причини.

Кои се бизнис причините од кои се плашиме дека со оваа формулација во членот може да настане упад на Универзитетот? Бидејќи е многу популарно, секој од приватните универзитети си направи Факултет за информатика. Ќе дадам конкретен пример. Ама, на еден од приватните универзитети, сите 6 професори кои беа потребни за 250 студенти, едвај што ги запишаа, си заминаа во друг, конкурентен. Сега, кој ќе држи настава на тој прввиот?

И, бидејќи пропаѓа и помалку студенти се запишуваат, плаќаат 2500 евра, а не го добиваат она што го добиваат на државните универзитети, паѓа популарноста, како ќе го направиме решението, ќе направиме упад во Св.Кирил и Методиј поради бизнис интереси, на нереализирани приватни факултети што постојат во овој момент.

Затоа овој амандман или амандманот што сме го предложиле како пратеничка група на СДСМ треба да го спречи, сакате политичкиот упад, сакате бизнис упадот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј. Или на друг универзитет. Не му одат работите во приватниот, ќе си најде решение со упадот во Универзитетот.

Затоа, пресериозна е работата со ова решение, направено е на седница на Влада и ќе остане дамка, реков, на закон што во 90% е синхронизиран, усогласен и компатибилен со стандардите што се бараат. За жал, двата тврди става што опстојуваат, претставниците на Владата, формално се предлагачи Министерството за образование, јас знам дека одлуката е направена на Владата, за тоа дека за ректорот и за Одборот за акредитација ќе фрлаат сериозна сенка на демократскиот капацитет или ќе остават дамка на оваа Влада дека се решила тоа да го направи во нејзиниот мандат.

Аргумент плус ќе биде кога ќе го видиме и решението, бидејќи некои пратеници од ВМРО ДПМНЕ во своите реплики велат - па што е страшно ако дојде од надвор или што е страшно ако е странец. Или пак тој, па ќе ги избира, како што пишува во следниот член, тој треба да соработува со проректорите на Универзитетот. И, на тој начин падна или дојден, еве да не употребам некој потежок збор, дојден од никаде ќе треба да соработува со некои луѓе кои природно се 30-тина години на тој универзитет.

Навистина, реков, амандманот предложен од мене и господинот Герамитчиоски, но среќа и на моја радост има слични или исти амандмани и од пратеници и од поддржувачи на Владата и не поддржувачи на Владата, треба да биде прашалник за Владата дали е ова вистинскиот потез што треба да го направи во овој момент и кому одговара вакви промени на историјата, кому одговара минимизирање на Св.Кирил и Методиј, реков не само како име на Универзиетот, туку и она што значи во областа на знаењето, просветата. Зошто е тој државен празник, пишува во Законот за државни празници што го имаме. Како тоа, имаме еден празник за знаење, ама денот на прославување Владата си го избира да биде 21 февруари 2008 година.

Навистина, апелирам до пратениците во Собранието, бидејќи тие ќе бидат сега на потез да размислат зошто грубо си поигруваат и со историјата и со демократските капацитети на оваа држава. Благодарам.

**Благој Зашов:** И јас благодарам господине Макрадули.

Реплики нема.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска.

Повелете госпоѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам господине потпретседателе.

Мене ми е навистина жал што меѓу нас е забележливо отстуството на предлагачот на овој скандалозен закон, тоа е господинот Рушити, министер за образование во Владата на ВМРО ДПМНЕ, предводена од претседателот Груевски. И, не ме зачудува неговото отсуство.

Не ме зачудува, но јас навистина сакав да биде присутен само за да го потсетам дека на 26 август 2006 година, токму пред овој Устав даде заклетва дека, преземајќи ја функцијата министер за образование ќе умее политички да се издигне над своите партиски ставови. Сценариото за комплетна партизација на сите оипштествени нивоа, го промовираше Владата на ВМРО ДПМНЕ заедно со своите коалициони партнери уште на својата прва седница. И за тоа не ме зачудува.

Ниту пак ме зачудува упорноста на гоисподинот Рушити, министер со поднесена оставка не до претседателот на Владата туку до неговиот партиски шеф што и понатаму инсистираат на едно вакво скандалозно решение за кое се говори токму во овој амандман.

Прво, во првата фаза што беше разгледувана во Собранието на Република Македонија не постоеше ставот 8 на членот 53. Овој став 8 буквално е продуциран во меѓуфазата. Имплицира на тоа дека ова е готово решение на Владата и апсолутно не се сомневам дека колегите од владеачкото мнозинство без своја волја и без своја убеденост ќе го поддржат.

Не ме чуди заради тоа што и многу пати колегите поддржале и сме донеле, за жал, закони за кои Уставниот суд понатаму се изјаснувал околу нивната неуставност, но во едно сум сигурно дека господинот Рушити во моментов, најверојатно ќе го држи неславниот рекорд на минситер кој донел закони со најголем број на противуставни одредби.

Членот 19 од Уставот на Република Македонија, заменет со Амандманот број 7 јасно и експлицитно упатува на тоа дека верско образование може да биде организирано и спроведувано само од страна на верските заедници. Но, тоа не го сопре ни министерот Рушити да го донесе и Законот за веронаука, што сега се наоѓа пред уставните судии на Република Македонија.

Господинот Рушити, без око да му трепне го донесе и Законот за задолжително средно образование иако членот 44 од Уставот имплицира дека единствено основното образование е задолжително и бесплатно. Ниту пак поднел иницијатива, откако ова Собрание, односно откако владеачкото мнозинство аминуваше за донесување на тој закон, не иницираше промена на Уставот.Тоа не и пречи на оваа Влада.

Не им смета во нивната тврда убеденост дека мора во оваа држава да биде импутирана една тоталитарна свест, што подразбира комплетна партизација и во образование, и во култура, и во здравство и во сите сегменти. Знаејќи дека во овој момент Република Македонија со својот кандидатски статус за членка на Европската унија не може да помине со донесување на вакви закони. Апсолутно е нелогично и да говориме и да дебатираме, дали смее некој од нас да чепне во автономијата на универзитетите. Затоа што сме донеле Устав кој вели дека апсолутна е академската слобода во Република Македонија. Ставот 8 ќе го цитирам, вели, ректорот не мора да биде од редот на вработените во Универзитетот. Па имајте сила господине заменик министер, дополнете го ставот, ректорот не мора да биде од редот на вработените, но ректорот ќе мора да има партиска книшка од некој од коалиционите партнери. И тогаш да биде јасно, дека ова е почеток на крајот, дефинитивно, на демократијата во Република Македонија, она што 18 месеци вие извршната власт се обидува и за жал, успева тоа да го прави.

Господинот Рушити и не гледам дека во овој момент има и релевантни бранители од својата политичка опција со оглед на тоа што деновите за кои дебатираме не уверува дека чувствува потреба за отчет само пред својот партиски лидер и тоа јасно го кажуваше дерогирајќи го и значењето и уставното значење на секој од нас, на нашата функција партеници во Собранието на Република Македонија.

**Благој Зашов:** Ве молам да зборувате за амандманот, не за министерот Рушити, повелете.

**Весна Бендевска:** Господине Зашов, од сабајле слушавме реторики за професори, за починати, за значенија и јас се согласувам дека се дел околу дебатата на овој закон. Немојте да се осудите да ме спречите да говорам не само во прилог на овој закон, ќе говорам во прилог на законитоста на одредбата дали ректорот смее да биде избиран врз база на партиска припадност. Тоа е интенцијата, тоа е намерата. Најмалку вие како припадник на оваа коалиција од чии што редови сте го делегирале вицепремиерот задолжен за образование имате право да ме спречите да говорам за тоа. Да ја работам дефакто неговата работа, што требаше да ја направи, претпоставувам на седница на Влада.

И повторно ќе се вратам на намерата на оваа Влада. Оваа Влада нема намера со ова законско решение да ја подобри сферата во високото образование, сосема спротивно. За да се донесе законска одредница со која слобода ќе има Груевски да врши партизација на сите високообразовни установи во оваа земја, дилот е постигнат. Рушити ќе биде тој од коалициониот партнер од ДПА што ова ќе го спроведе. А за возврат Тетовскиот државен универзитет веднаш по добивањето на овој закон му е обезбедено нови 7 факултети, од кои еден факултет од страна на медицинските науки, медицина, стоматологија и фармација. И жал ми е што не е тука ниту господинот министер, ниту пак вицепремиерот задолжен ем за образование ем за земјоделство кој потекнува од Битола, да

кажат зошто предвидувањата на буџетските средства за високообразовните установи Битолскиот универзитет, иако е втор по големина и по бројот на студенти и по бројот на вработени, добил најмалку. Над една милијарда денари добил Универзитетот Св. Кирил и Методиј од Скопје, втор по големина добил, се разбира Штипскиот универзитет Гоце Делчев, трет околу 290 милиони, трет Тетовскиот иако има најмал број студенти добива 279 милиони, а Битолскиот универзитет само 169 милиони денари. Битола го заслужува овој одговор. И сакам одговор на прашањето зошто некој се обидува да ја одмолчи иницијативата која доаѓа од страна на Битолскиот универзитет. Години наназад се барало верзирани студии по медицински науки во Битола. Од проста причина што најголем број студенти и на медицина и на фармација и на стоматологија доаѓаат од Битола.

Со формирањето на Клиничката болница апсолутно стои и условот за почеток на создавање на новиот Медицински факултет во Битолскиот универзитет. Е сакам одговор од господинот министер, зошто се одлучува на само 45 километри растојание од Скопје од ракав да дозволи формирање на Медицински факултет во Тетово. Гласините говорат дека готов е дилот таков факултет да се отвори и во Штип. Според кој принцип се носат вакви одлуки, ако не врз принципот на влијателност на коалициониот партнер во Владата. Слободно можам да заклучам дека во овој момент коалициониот партнер од ДПА е многу по ербап, што би рекле граѓаните, фактор пред Груевски, но морам да зажалам што новиот партнер, новите социјалдемократи кои го делегирале вицепремиерот за образование немаат ама апсолутно никакво влијание. Она што досега Јанкуловски успеа да го направи е да го преформулира факултетот за јавна администрација во Битола и да направи низа скандалозни приеми, партиски решенија во звањата асистенти и помлади асистенти кои просветниот инспекторат ги поништи. Ги поништи како незаконски и како партиски. Битола за жал, секогаш губи кога е на власт коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и ДПА, иако има свои претставници директно во Владата. Не ни очекувам господинот заменик министер да понуди одговори, бидејќи не ги ни има, а ниту има некакво влијание да влијае врз ваквите законски одредби. Ниту пак очекувам дека некој има сила во интерес на граѓаните на Република Македонија навистина да се заложи овој закон во овој момент да биде повлечен од собраниска процедура, бидејќи уште еднаш по не знам кој пат еден закон маркиран со знаменцето од Европската унија ќе содржи неевропски законски одредби, небалкански туку феудални законски одредби. И ова не е добар пасош кој ќе не води кон Европа. Ова ќе е пасош кој ќе не затвора се повеќе и повеќе во нашите граници, во нашите граници во крајна интенција е, претпоставувам, господиниот Никола Груевски да ја презеде апсолутната власт во оваа земја ставајќи крај на демократијата од А до Ш. И тогаш ќе имаме многу сериозни проблеми, и тогаш претпоставувам почитувани колеги, кои сега се обидувате да добацувате, да коментирате, но не и да понудите реални факти на одбрана на ова законско решение, ќе притиснете за, но ќе си притиснете претпоставува и на сопствената совест. Не се сомневам во вашите добри намери, се сомневам само во вашата сериозна намера да работите не во интерес на партијата што ве делегирала, туку во интерес на граѓаните пак што ве гласале. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Дали има реплики?

Прва за реплика се јави госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитувана колешке Бендевска,

За жал, и покрај тоа што повеќе пати дебатираме околу тоа да не мавтате со Уставот, бидејќи вие сте дипломиран психолог и навистина погрешно го толкувате, а јас најдобронамерно ви укажувам дека не треба вие да дебатирате со Уставот на Република Македонија, имате вие правници во вашата пратеничка група кои правилно ќе го толкуваат Уставот. Но, за жал, најдобронамерно и покрај моето укажување и понатаму истото го правите.

Што се однесува до амандманот јас воопшто не слушнав од вас да дебатирате околу амандманот и зошто го поднесувате и ништо во врска со таа содржина, туку го измешавте господинот почитуван министер Рушити кој немаше врска со вашиот амандман, ја мешате Битола и сакате да правите политички маркетинг, кој не е добар за граѓаните, а посебно за битолчани кои веќе знаат кога дискутирате која е вашата цел. Навистина не е добро, бидејќи Универзитетот во Битола оди напред со отворањето нафакултетот за јавната администрација и тука имаше вработувања 35, а ќе има и повеќе. Оваа Влада на Република Македонија направи голем чекор напред, со тоа што се отвори еден факултет, а многу повеќе е добро вие да кажете што вашата Влада направи и вашата постава во Универзитетот, која што беше досега, што направи и на кое место Универзитетот во Битола го постави, а каков квалитет даде. Наместо вие да бидете самокритични и навистина да ги согледате грешките и на грешките да се учите, вие и понатаму продолжувате со грешките и со дискусиите кои што навистина се неконструктивни.

Во врска со Битолскиот универзитет јас можам да кажам дека навистина одиме напред и Битола и граѓаните добиваат и ќе добиваат, се знае на кој начин ако ние сакаме Медицински факултет треба да се поставаат работите, а не со ваква дебата и со овој амандман.

Што се однесува до Законот за високо образование, имаше широки дебати и тој е усогласен со европските стандарди и норми сите од универзитетите луѓе кои беа повикани, од ректори и слично, беа вклучени, многу амандмани се прифатија и од страна на опозицијата и од страна на позицијата. Мислам дека нависитина содржински е многу добар и треба што поскоро да се прифати, бидејќи ние веќе се подготвуваме за влез во НАТО и Европската унија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Стефановска.

Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Колешке Стефановска, како тоа не слушнавте дебата од моја страна околу амандманот. Слушнавте, но не ја разбравте. За да ја разберете требаше да го прочитате законот и требаше она што е најбитно да видите дека интересот на Битолскиот универзитет е поставен на последно место и како пратеник делегиран од Битола и тоа како треба заедно да се бориме во тој интерес. Вие наместо да дебатирате зошто Битола добива 169 милиони наспроти Тетовскиот со 280 и Штипскиот со 290, вие овде ми правите некои демагошки реплики. Еднаш ви реков засрамете се. Очигледно вас ниту ви е срам, ниту имате намера еднаш да застанете на браникот на битолските интереси.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

Реплика има господин Фадил Сулејмани, повелете.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван господине потпретседател.

Јас се обраќам на госпоѓа Бендевска и се чудам како може да излезат такви зборови, не знам дали од нејзиното незнаење или можеби од омразата што ја има за другите против образованието, против воспитанието, против создавањето или оформувањето на научни професионални кадри и од другите територии и региони во Република Македонија. Говори за академска слобода и е против секој вид на образување. Конкретно таа е против Универзитетот во Тетово, против проширувањето на овој Универзитет со доплнителни факултети, таа е против Штипскиот универзитет, а јас би и кажал дека тоа се нови универзитети и имаат потреба од повеќе финансиски средства, имаат потреба и за повеќе кадри и во квалите и во квантитет и е многу оправдано што државата сака да им помогне и Владата да им помогне. Тоа се отворени универзитети, конкретно Универзитетот во Тетово е отворен за сите граѓани на Македонија и за Албанците и за Македонците. Тој Универзитет има хумана мисија и во западниот дел за развој на тие делови кои што досега биле изолирани, заостанати и образованието е услов за добар развој на Македонија на рамноправен начин.

И јас би кажал дека треба малку да размисли и да не живее со омраза која што од поодамна е засадена во нејзината душа, затоа што не не води кон мирот, кон разибрањето и интегранцијата на Република Македонија и грѓаните на Република Македонија во современите европски текови. Ние, сакаме отворени универзитети, сакаме универзитети кои што ги отвораат вратите на сите граѓани на Македонија а не само таа да се образува и да оди напред, додека пак другите млади да седат во средновековна темнина.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Сулејмани.

Верувам дека не се работи за омраза.

За контра реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе, господине Сулејмани, најмалку вие како ректор на еден од универзитетите можете да говорите дека во мојата дебата околу новиот закон за високо образование има лични чувства на омраза. Апсолутно не ви држи вода. Говорев за заштита на Уставот кој вели: академската слобода, автономијата на универзитетите треба да е ослободена од било каков политички притисок. Овој амандман го овозможува токму тоа. И токму од вас очекувам поддршка и од вас, и од сите универзитетски професори, кои се во овој момент пратеници, и кои многу добро разбирате што ќе се случи доколку ова законско решение биде усвоено. Да застанете во одбрана на автономијата, бидејќи тоа значи буквално есенција на демократијата и на Македонија како демократично општество. Кава омраза има во тоа. Омраза има кон вас кон политичките неистомисленици. Жалосно е дека некогаш сте биле ректор на една високо образовна установа. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

Збор има господин Тале Герамитчиоски, повелете господине Герамичиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Сосема кратко почитувани колеги пратеници, жал ми е што во долга дебата некогаш се злоупотреби надвор од контекст смислата на предложениот амандман во неколку наврати и покрај тоа што сметам дека беше повеќе злоупотребено, значи се користеше оваа говорница да се кажат аргументите. Ако до сега не се сфати, залудно е повеќе да се зборува. Јас повикувам ова е клучен амандман со кој што се промени смислата на законот. Затоа толку се дебатираше. Овој закон во 4 верзии досега ги помина сите експертизи. Ваква верзија ова нешто го немаше. Ова е вметнато и е тесно поврзано со смислата на Законот. Само во таа насока да ги сфатите овие долги дебати и настојувања да се докаже нешто.

Другите може да се дебатира, не се толку важни, некои од нив се поврзани со ова. Или ќе направиме ректор кој што единствен во Република Македонија ќе си има суверено право поголемо од било која институција во Република

Македонија, а кон тоа одиме, или ќе ги запазиме демократските принципи на меѓусебна контрола која што постои во сите закони и во сите облици на функционирање. На вас е да одлучите ние го кажавме своето, совеста наша ќе биде мирна. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Со оглед на тоа што нема повеќе пријавени за збор, овде го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да прејдеме на гласање јас би ги повикал колегите пратеници кои не се во главната сала, да влезат како би можеле да гласаме.

Ги молам координаторите на пратеничките групи да помогнат во создавањето на кворум.

Давам 15 минути пауза за обезбедување на кворум.

(По паузата)

Бидејќи, немаме доволен број присутни пратеници во салата, овде ја прекинувам седницата и ќе продложиме утре во 11,00 часот со истата седница. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,26 часот)